## 16 ноември 2009 година – Свечено отворање на фестивалот на документарни филмови за деца и отворање на изложба на фотографии

### 12.00-14.00h Претставување на програмата на неделата на детски права

**- Осврти на Конвенцијата за правата на децата**

- др. Ѓорге Иванов, претседател на државата
- г. Ерван Фуере, специјален претставник на ЕУ и шеф на Делегација, Мисија на ЕУ
- г. Шелдон Јет, претставник на УНИЦЕФ
- г. Ален Брајан Берган, амбасадор на Република Словенија и претседавач на Комитетот на министри на Советот на Европа

**- Преглед на кратките цртани филмови за детски права кои ќе се прикажуваат попладнето**

**- Електронско потпишување на on-line петиција за забрана на физичко казнување на децата**

**- Коктел**

### 16.00-17.00h Детските права со Петко – омиленото куче на децата

**Цртани филмови за правата на децата**
Со впечатливите слики и меѓукултурниот изглед, серијата анимирани спотови ги информираат децата за нивните права и го потсетуваат општеството за неговите обврски содржани во Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето. Овој значаен документ ги дефинира правата на децата...на здравствена заштита, образование, на соодветен животен стандард, на одмор и игра, на заштита од експлоатација, на слободно изразување на своето мислење...и многу други. Сите деца ги имаат овие права.



**Слобода против дискриминација (член 20) :**
Филипини (Imagine Asia). Режирано од Џон Рико.



**Семејство (член 5):**
Аргентина (независен филм). Креиран од Мигел Реписо.



**Идентитет (член 8):**
Иран (независен филм). Анимиран од Нуредин Заринкелк.



**Образование (член 28):**
Индија (Тунз Анимации). Режиран од Бил Денис.



**Заштита при војна (член 38):**
Индија (USL-RM)



**Заштита од небрежност (член 19):**
Чешка (Kratky film). Анимиран од Зденка Деитчова.



**Слобода од дискриминација (член 2):**
Барбадос (независен филм). Анимиран од Гај О'Нил.



**Заштита од експлоатација на детскиот труд (член 32):**
Италија (телевизија РАИ). Креирано од Гвидо Манули.



**Заштитна околина (членови 3,9):**
Шкотска (Red Kite Productions Ltd). Анимиран од Анвин Бејер. Музика на Роланд Ли.



**Самоискажување (член 13)**
Чиле (CINEANIMADORES) Анимирано од Алехандро Рохас Телез. Звук и музика на Алехандро Лион.

## 16-20 ноември 2009 година – Изложба на фотографии за детските права

**Изложба на фотографии кои ги илустрираат членовите на Конвенцијата за правата на детето во инфо центарот на Европската унија**

## 17 ноември 2009 година – Инклузивно образование

### 10.00-11.00h Ќе се видиме на училиште – 5 кратки домашни документарци за едукација на девојчиња Роми

**МК (2008), 26 минути**
Иако Уставот и законите го гарантираат правото на образование на секое дете, за жал ова право не го уживаат сите деца. Во земјата само 6 од 10 деца Роми се запишуваат во основно училиште; меѓутоа, само 4 од овие 6 деца го завршуваат образовниот циклус и двете деца кои се откажуваат се најчесто девојчиња. Следејќи еден ден во животот на Ајфела, Самра, Фетие, Ѓеница и Ѓенифа, кратките документарци ја илустрираат одлучноста и духот на пет ромски девојчиња да постигнат добар успех на училиште и покрај тешкотиите со кои се соочуваат.

### 11.15-12.15h Права на живот - Јоши

**Јапонија (2004), 30 минути, Режисер: Дуко Телеген**
Во Јапонија, до 1979 година голем број деца со пречки во развојот да не одат на училиште. Тогаш Владата донесе одлука образованието да стане задолжително за сите деца без оглед на нивните способности.
16-годишниот Јоши има Аспергеров синдром – тип на аутизам кој ја отежнува социјалната интеракција и предизвикува повторливи шеми на однесување и интереси. Сонот на Јоши е да оди во редовно јапонско средно училиште. Свесен за неговите поинакви способности, Јоши користи хумор, досетливост и креативност обидувајќи се да ги убеди родителите и наставниците дека тој може да посетува „нормално" училиште.

## 18 ноември 2009 година – Интегрирано образование и етничка кохезија

### 11.00-13.00h Мостот преку Вади

**Израел (2006), 55 минути, Режисери: Барак Хејман и Томер Хејман**
Низ Западниот брег и појасот Газа, недостатокот на капацитети за предавање и преполните училници директно влијаат врз способноста на децата за учење: Во 2008 година, 80 отсто од 16.000 шестоодделенци во Газа паднаа на стандардизираните тестови по арапски, англиски, математика и наука. За првпат во Израел, група арапски и еврејски родители одлучуваат да воспостават заедничко двонационално, двојазично училиште во едно арапско село. **Мостот преку Вади** ја следи првата година во ова училиште и ги илустрира, преку личните приказни на неговите ликови, комплексните и ранливи напори да се создаде една средина на заедничко постоење и покрај комплицираната реалност.

## 19 ноември 2009 година – Правда за децата

### 12.00-14.30h Момчињата од Барака

**САД, Кенија (2005), 85 минути, Режисери: Хајди Евинг и Рејчел Грејди**
Во Соединетите Американски Држави, 3 од 10 ученици не завршуваат средно училиште. Најчесто сиромашните ученици и учениците од малцинствата го напуштаат образованието. Во експерименталната програма за намалување на стапката на малолетничка деликвенција, градот Балтимор испраќа група од 12 ученици за кои се смета дека спаѓаат во оваа ризична група во интернат во Кенија, овозможувајќи им на овие момчиња да си го изменат животот. Фокусирајќи се на четири од момчињата, **Момчињата од Барака** ги следи учениците во надминувањето на пречките од минатото и во напорите што ги вложуваат за посветла иднина.

## 20 ноември 2009 година – Насилството во училиштата

### 10.00-11.00h Насилството во училиштата – 18 видеа направени во земјата во рамките на OneMinuteJnr

**МК (2008), 18 минути**
Според домашните истражувања скоро секое трето дете во земјата доживеало некој вид физичко или психолошко насилство во училиште. Вознемирува тоа што насилството се прифаќа во голема мера како облик на спроведување дисциплина иако е забрането со закон. Студијата на УНИЦЕФ покажува голем степен на толеранција во употребата на сила на родителите кон децата особено со оглед на физичкото казнување. Меѓутоа насилството не е само физичка и психолошка агресивност; исто така може да се поврзе со дискриминација, отфрлање и игнорирање од страна на врсниците. Во ноември 2008 година, осумнаесет деца на возраст од 12 до 14 години од три основни училишта во Скопје снимија кратки филмови кои ги илустрираат нивните погледи за насилството во училиштата.

### 12.30-14.30h Учество на деца и човекови права

**Есеи и проектни дела подготвени од ученици на тема „Кога би бил маѓепсник„**

- г. Емир Аџовиќ, координатор на проектот за образование за демократско граѓанство
- г. Ѓорѓи Јовановски, директор на Информативната канцеларија на Совет на Европа во Скопје

**- Доделување на награди на Советот на Европа за натпреварот во пишување есеј на тема образование за демократско граѓанство**

**- Коктел**

**Сите сесии ќе се одвиваат во ЕУ инфо - центарот, Мито Хаџивасилев Јасмин 52В, 1000 Скопје. Прикажувањата на филмовите се бесплатни. По нив ќе следат дискусии под водство на експерти на теми кои се опфатени во филмовите.**

**За да резервирате место испратете mail до: euinfo@euic.mk или на телефон (+389 2) 329 6363**

Мисија на Европската Унија

COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE

unicef